| Категорија Ставка | О П И С | Буџетски расходи Буџет | Буџетски расходи Ребаланс | Расходи од самофинансирачки активности Буџет | Расходи од самофинансирачки активности Ребаланс | Расходи од дотации Буџет | Расходи од дотации Ребаланс | Расходи од донации Буџет | Расходи од донации Ребаланс | Расходи од кредити Буџет | Расходи од кредити Ребаланс | Вкупни расходи Буџет | Вкупни расходи Ребаланс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **74.870.160** | **79.449.160** | **4.479.000** | **4.479.000** | **104.382.000** | **104.456.200** | **16.330.800** | **16.330.800** | **0** | **0** | **200.061.960** | **204.715.160** |
| VA | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 |

## ПРИХОДИ :

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| VA0 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 |

## РАСХОДИ :

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **100.000** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** | **100.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 |
| VA0 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **100.000** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** | **100.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ - ребаланс
## Ниво: Ставка

| Категорија Ставка | О П И С | Буџетски расходи Буџет | Буџетски расходи Ребаланс | Расходи од самофинансирачки активности Буџет | Расходи од самофинансирачки активности Ребаланс | Расходи од дотации Буџет | Расходи од дотации Ребаланс | Расходи од донации Буџет | Расходи од донации Ребаланс | Расходи од кредити Буџет | Расходи од кредити Ребаланс | Вкупни расходи Буџет | Вкупни расходи Ребаланс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **74.870.160** | **79.449.160** | **4.479.000** | **4.479.000** | **104.382.000** | **104.456.200** | **16.330.800** | **16.330.800** | **0** | **0** | **200.061.960** | **204.715.160** |
| W0 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАшТИТА | 2.440.000 | 2.440.000 | 0 | 0 | 4.000.000 | 4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.440.000 | 6.440.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | | | | | | |
| W00 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | 2.440.000 | 2.440.000 | 0 | 0 | 4.000.000 | 4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.440.000 | 6.440.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | | | | | | |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **2.047.000** | **2.047.000** | **0** | **0** | **4.000.000** | **4.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.047.000** | **6.047.000** |
| 401 | Основни плати | 1.411.000 | 1.411.000 | 0 | 0 | 2.750.180 | 2.750.180 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.161.180 | 4.161.180 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 636.000 | 636.000 | 0 | 0 | 1.249.820 | 1.249.820 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.885.820 | 1.885.820 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **193.000** | **193.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **193.000** | **193.000** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 128.000 | 128.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 128.000 | 128.000 |
| 425 | Договорни услуги | 65.000 | 65.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 65.000 | 65.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **200.000** | **200.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **200.000** | **200.000** |
| 464 | Разни трансфери | 200.000 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 200.000 |
| W00 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | 2.440.000 | 2.440.000 | 0 | 0 | 4.000.000 | 4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.440.000 | 6.440.000 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **2.047.000** | **2.047.000** | **0** | **0** | **4.000.000** | **4.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.047.000** | **6.047.000** |
| 401 | Основни плати | 1.411.000 | 1.411.000 | 0 | 0 | 2.750.180 | 2.750.180 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.161.180 | 4.161.180 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 636.000 | 636.000 | 0 | 0 | 1.249.820 | 1.249.820 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.885.820 | 1.885.820 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **193.000** | **193.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **193.000** | **193.000** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 128.000 | 128.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 128.000 | 128.000 |
| 425 | Договорни услуги | 65.000 | 65.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 65.000 | 65.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **200.000** | **200.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **200.000** | **200.000** |
| 464 | Разни трансфери | 200.000 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 200.000 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ - ребаланс
## Ниво: Ставка

| Категорија Ставка | О П И С | Буџетски расходи Буџет | Буџетски расходи Ребаланс | Расходи од самофинансирачки активности Буџет | Расходи од самофинансирачки активности Ребаланс | Расходи од дотации Буџет | Расходи од дотации Ребаланс | Расходи од донации Буџет | Расходи од донации Ребаланс | Расходи од кредити Буџет | Расходи од кредити Ребаланс | Вкупни расходи Буџет | Вкупни расходи Ребаланс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **74.870.160** | **79.449.160** | **4.479.000** | **4.479.000** | **104.382.000** | **104.456.200** | **16.330.800** | **16.330.800** | **0** | **0** | **200.061.960** | **204.715.160** |
| X1 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 27.000 | 27.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 27.000 | 27.000 |
| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | | | | | | |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 27.000 | 27.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 27.000 | 27.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | | | | | | |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **27.000** | **27.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **27.000** | **27.000** |
| 425 | Договорни услуги | 27.000 | 27.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 27.000 | 27.000 |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 27.000 | 27.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 27.000 | 27.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **27.000** | **27.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **27.000** | **27.000** |
| 425 | Договорни услуги | 27.000 | 27.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 27.000 | 27.000 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за извршување на на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година бр.17-1514/3 од 26.12.2022 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година бр.17-1514/3 од 26.12.2022 година донесена на 23-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.05.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 562/3 Општина Демир Хисар**
**18.05.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ,, бр. 244/19, 53/21, 77/21,150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ" број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и ,,Службен весник на РСМ,, 151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на РСМ,, бр. 275/19 и 14/20), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ („Службен весник на РСМ" бр. 51/20) и одредбите на колективниот договор на Општина Демир Хисар (бр.01-1561/1 и 01-459/1 анекс на договорот) и член 43 став 1 точка 2 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар" бр 03/02,04/05,07/09,13/14,18/16,10/19 и 7/21), советот на Општина Демир Хисар на 23-та седница одржана на 15.05.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За измена на одлуката за извршување на буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година бр.17-1514/3 од 26.12.2022 год.**

**Член 1**

Текстот во член 9 став 1 алинеа 1 се менува и гласи: ,,За избраните и именуваните лица бруто платата ќе се пресметува согласно коефициент и утврдена основица за пресметка на плата согласно Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РСМ,,

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар”.

Бр.17-530/5 Совет на Општина Демир Хисар
15.05.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занаетчиски работи за уредување на јавни површини на ул.Маршал Тито во Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за уредување на јавна површина на ул. Маршал Тито во Демир Хисар донесена на 23-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.05.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 562/4 Општина Демир Хисар**
**18.05.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија” бр.5/02), член 43 став 1 точка 42 од статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), како и член 24 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ” бр 24/19 и „Службен весник на РСМ” бр.87/21), советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 15.05.2023 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за уредување на јавна површина на ул.Маршал Тито во Демир Хисар**

Член 1

Со оваа одлука се доделува договор за изведување на градежно-занатски работи за уредување на јавна површина на ул.Маршал Тито во Демир Хисар на ЈКП Комуналец Демир Хисар.

Член 2

Општина Демир Хисар и ЈКП Комуналец Демир Хисар ќе склучат договор за регулирање на правата и обврските во врска со изведувањето на работите од член 1 на оваа одлука.

Член 3

Финансиските средства за изведување на работите од член 1 на оваа одлука во износ од 305.594,00 се обезбедени од буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година.

Член 4

Средствата од член 3 на оваа одлука ќе бидат исплатени на изведувачот на работите-ЈКП Комуналец Демир Хисар по завршената работа, и извршената контрола од страна на Општина Демир Хисар.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-530/6 Совет на Општина Демир Хисар
15.05.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за одобрување на приоритетен проект**
**"Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини во Општина Демир Хисар преку реконструкција на патната инфраструктура"**

1.Ја објавувам Одлуката за одобрување на приоритетен проект „Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини во Општина Демир Хисар преку реконструкција на патната инфраструктура" донесена на 23-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.05.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-562/5 Општина Демир Хисар**
**18.05.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 15.05.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
за одобрување на приоритетен проект
**"Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини во Општина Демир Хисар преку реконструкција на патната инфраструктура"**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар го одобрува проектот за **"Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини во Општина Демир Хисар преку реконструкција на патната инфраструктура"** како приоритетен проект.

Член 2

Со проектот ќе се аплицира на Отворениот повик за финансирање на техничка документација во рамките на Проектот **„Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти"** кој го имплементира УНДП со финансиска поддршка на **Шведската агенција за меѓународна соработка (СИДА)** и **Бирото за регионален развој**.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр. 17 -530/7 Претседател
15.05.2023 год. Совет на Општина Демир Хисар
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за кофинансирање на проект**
**"Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини во Општина Демир Хисар преку реконструкција на патната инфраструктура"**

1.Ја објавувам Одлуката за кофинансирање на проект „Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини во Општина Демир Хисар преку реконструкција на патната инфраструктура" донесена на 23-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.05.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-562/6 Општина Демир Хисар**
**18.05.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 94, став 2 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 15.05.2023 година, донесе

## ОДЛУКА
за кофинансирање на проект
**"Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини во Општина Демир Хисар преку реконструкција на патната инфраструктура"**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за учество во кофинансирање на проектот **"Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини во Општина Демир Хисар преку реконструкција на патната инфраструктура".**

Со проектот ќе се аплицира на Отворениот повик за финансирање на техничка документација во рамките на Проектот **„Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти"** кој го имплементира УНДП со финансиска поддршка на **Шведската агенција за меѓународна соработка (СИДА)** и **Бирото за регионален развој.**

Член 2

Вкупната вредност на проектот **"Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини во Општина Демир Хисар преку реконструкција на патната инфраструктура"** изнесува 1.630.288,00 денари, односно 29.252,07 американски долари.

Општина Демир Хисар за реализација на истиот ќе кофинансира финансиски средства во износ од 354.000,00 денари, односно 6.351,78 американски долари.

Општина Демир Хисар се обврзува дека ќе ги покрие и сите трошоци кои евентуално би се јавиле над максималната вредност на грантот.

Максималната вредност до која Општина Демир Хисар може да кофинансира изнесува 557.324,00 денари, односно 10.000,00 американски долари.

Изразените вредности се со влкучен ДДВ од 18%.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр. 17 -530/8 Претседател
15.05.2023 год. Совет на Општина Демир Хисар
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за основање на Локален економско-социјален совет на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за основање на Локален економско-социјален совет на Општина Демир Хисар донесена на 23-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.05.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 562/7 Општина Демир Хисар**
**18.05.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 88 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.5/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 15.05.2023 година, донесе:

Одлука за основање на Локален економско-социјален совет на Општина Демир Хисар

Член 1

Со оваа одлука се основа Локален економско-социјален совет на Општина Демир Хисар, во понатамошниот текст ЛЕСС.

Во ЛЕСС членуваат: Општина Демир Хисар, Организација на работодавачи на Македонија и Сојуз на синдикати на Македонија.

Член 2

ЛЕСС има советодавна и консултативна функција, разгледува прашања и дава предлози, и препораки до Советот на Општина Демир Хисар, Градоначалникот на Општина Демир Хисар и други органи и институции, во врска со одредени прашања од економско-социјалната сфера.

ЛЕСС се основа заради остварување на следните заеднички цели на социјалните партнери:

-воспоставување, поттикнување и развој на социјалниот дијалог помеѓу социјалните партнери и усогласување на нивните различни ставови и интереси на локално ниво,

-воспоставување, поттикнување и развој на дијалогот на локално ниво помеѓу јавниот и приватниот сектор,

-воспоставување и зајакнување на врските помеѓу потребите на пазарот на труд дефинирани од страна на деловните субјекти и развивање на вештини на младите преку образовниот систем,

-вклучување на младите во локалниот и регионален дијалог преку активно поартиципирање во ЛЕСС,

-размена на мислења, добри практики и информации, за усогласување околу битни економско-социјални прашања од делокругот на локалната самоуправа,

-покренување на заеднички иницијативи за измена на постоечки и донесување нови одлуки од делокругот на работа на локалната самоуправа,

-давање на допринос во креирање на предлози за измени на законски решенија кои влијаат на економската клима, материјално-социјалната положба на вработените, невработените, стечајните работници, работниците кои се технолошки вишок, пензионерите, младите, жените и други,

-развивање и поттикнување на колективното договарање и преговарање на ниво на иснтитуции и претпријатија,

-следење, давање и оценување на влијанието на локалните политики врз економско-социјалната стабилност и развојот на животниот стандард на граѓаните на Општина Демир Хисар,

-разгледување и предлагање на мерки за унапредување на квалитетот на живот на граѓаните на Општина Демир Хисар,

-надминување на одредени пречки за подобрување на функционирањето помеѓу социјалните партнери преку олеснување и поедноставување на административните процедури,

-обезбедување на подршка на граѓаните и компаниите при аплицирање на проекти, отворени повици и слично,

-поттикнување на методи за мирно решавање на колективни и индивидуални работни и други спорови на локално ниво,

-издавање на публикации и брошури од делокоругот на ЛЕСС.

Член 3

ЛЕСС ги следи состојбите и разгледува прашања кои се однесуваат на подобрувањето на економско-социјалата положба на работниците и работодавачите во Општина Демир Хисар и дава свои мислења и предлози особено за:

-локалната економска политика и мерки за економско-социјален развој и стабилност,

-подобрување на функционирањето помеѓу социјалните партнери преку олеснување и поедноставување на административните процедури,

-олеснување на процедурите за граѓаните и компаниите при аплицирање на проекти, отворени повици и слично,

-политиката на вработувањето,

-конкуренцијата и продуктивноста,

-животниот стандард и сиромаштијата,

-колективното договарање,

-мирно решавање на работните спорови,

-подобрување на работните услови и безбедност при работа,

-заштита на работната и животна средина,

-образование и професионална обука,

-здравствена и социјална заштита,

-детска заштита,

-заштита на возрасните лица и лицата со посебни потреби,

-демографските движења,

-приватизација

-други прашања во согласност со актите на ЛЕСС.

Член 4

ЛЕСС на Општина Демир Хисар брои 9 членови и тоа:

-Општина Демир Хисар-4 членови од кои

-два членови од Советот на Општина Демир Хисар (по еден од позиција и опозиција) и

-два членови од општинската администрација,

-Организација на работодовачи на Македонија- 3 членови и

-Сојуз на синдикати на Македонија- 2 членови.

Секој од партнерите својот претставник во ЛЕСС го именува во текот на мандатот врз основа на свои интерни процедури и правила.

Мандатот на членовите на ЛЕСС трае 4 години, со право на повторен избор.

Член 5

Во работата на ЛЕСС активно партиципираат:

-Градоначалникот на Општина Демир Хисар,

-Претседателот на Советот на Општина Демир Хисар,

-Пратеник во Собранието на РСМ,

-Агенција за вработување Демир Хисар,

-Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството,

-Државен инспекторат за труд,

-Државен пазарен инспекторат,

-Претставници на Здружението на пензионери,

-Претставници на месните заедници,

-Претставници на здруженијата на граѓани,

-Преставници на бизнис секторот,

-Претставници на средношколци,

-Преставници на земјоделците,

-Претставници на државни и локални институции и други.

ЛЕСС во својата работа ќе ги вклучува сите оние субјекти или поедници кои ќе покажат интерес, особено при разгледување на одредени прашања од областите кои се предмет на нивен интерес.

Партиципиентите од став 1 од овој член учествуваат во работата на ЛЕСС со право на дискусија, предлагање и давање на мислења, но без право на глас.

Член 6

ЛЕСС донесува деловник за работа со кој поблиску ја уредува организацијата и начинот на работа.

Организациските и административно-технички работи за потребите на ЛЕСС ги врши секретарот на ЛЕСС, кого ЛЕСС го бира со мандат од 4 години, со право на повтроен избор.

Член 7

Средствата за основање и работење на ЛЕСС ги обезбедуваат членовите согласно своите можности а врз основа на меѓусебен договор.

Покрај нив, средства може да обезбедуваат и од донации, прилоз, спонзорства, и други извори во согласност со законот.

Член 8

По донесувањето на оваа одлука, ќе се склучи спогодба помеѓу партнерите и тоа: Општина Демир Хисар, Организација на работодавачи на Македонија и Сојуз на синдикатите на Македонија.

Член 9

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-530/9 Совет на општина Демир Хисар
15.05.2023 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Нajдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на План за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на општина Демир Хисар за 2023 година**

1.Го објавувам Планот за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на општина Демир Хисар за 2023 година донесен на 23-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.05.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 562/8 Општина Демир Хисар**
**18.05.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ„ бр 5/2002 год.), член 34 од Законот за јавни патишта( „Службен весник на РМ„ бр 84/2008 год.), член 6 и член 19 од Правилникот за мерките за одржување на јавните патишта, начинот и роковите за нивно извршување, како и видот и начинот на извршување на активностите за редовно, зимско, периодично и интервентно одржување на јавните патишта ( „Службен весник на РМ„ бр 152/2008 год.) како и член 43, став 1, точка 21 од Статутот на Општина Демир Хисар („Сл. гласник на општина Демир Хисар„бр. 3/2002 год.), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 15.05.2023 година донесе

# ПЛАН

За редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на општината Демир Хисар за 2023 година

1. Општинските патишта на подрачјето на општината Демир Хисар определени се со Одлука на Советот на општината Демир Хисар бр.07-831/8 од 15.11.2011 година.
2. Состојбата на општинските патишта дадена е во сл.табела:

| | | Должина на патните правци | Потреба од крпење на ударни дупки и попречни прекопи | Потреба од косење на банкини и од трева, трње и сл. | Потреба од чистење од земјен нанос | Потреба од чистење на пропусти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **км** | **м²** | **м¹** | **м³ /м²** | **м¹** |
| 1. | Врска регионален пат Р1305-Смилево | 10,00 | 36 | 15000 | по потреба | по потреба |
| 2. | Врска регионален пат Р1305-Стругово | 2,50 | 2 | 3500 | | |
| 3. | Врска регионален пат Р1305-Кутретино | 2,00 | 4 | 1000 | | по потреба |
| 4. | Врска регионален пат Р1305-Вардино -Р2339 (раскрсница Света) | 10,00 | 25 | 6000 | по потреба | по потреба |
| 5. | Врска регионален пат Р1305-Вардино-крак за Суводол | 1,50 | | | | по потреба |
| 6. | Врска регионален пат Р1305-Слепче со крак за манастирот Добромирово | 6,00 | | 8000 | по потреба | по потреба |
| 7. | Врска регионален пат Р1305-Кочишта (до граница со општина Крушево) | 12,00 | 21 | 16000 | | |
| 8. | Врска регионален пат Р1305-Кочишта-крак за Прибилци | 0,50 | | 500 | | |
| 9. | Врска регионален пат Р1305-Кочишта-крак за Ново село | 0,50 | | | | |
| 10. | Врска регионален пат Р1305-Кочишта-крак за Ракитница | 1,50 | | 600 | | |
| 11. | Врска регионален пат Р1305-Кочишта-крак за Растојца | 0,50 | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Врска регионален пат Р1305-Радово | 6,00 | | | | |
| 13. | Врска регионален пат Р1305-Радово-крак за Суво Грло | 1,00 | | 1000 | 60 м$^2$ | |
| 14. | Врска регионален пат Р1305-Железничка станица | 0,50 | | | | |
| 15. | Врска регионален пат Р1305-Сопотница | 1,00 | | | | |
| 16. | Врска регионален пат Р1305-Жван | 1,50 | | 800 | | |
| 17. | Врска регионален пат Р1305-Велмевци | 1,50 | | 3000 | | |
| 18. | Врска регионален пат Р1305-Базерник | 5,00 | 8 | 8000 | по потреба | по потреба |
| 19. | Врска регионален пат Р1305-Зашле | 11,00 | 53 | 6000 | по потреба | по потреба |
| 20. | Врска регионален пат Р1305-Мало Илино | 5,00 | | 5000 | по потреба | по потреба |
| 21. | Врска регионален пат Р1305-Железнец | 0,50 | | | | |
| 22. | Врска регионален пат Р2339-Бараково | 0,50 | | 300 | | |
| 23. | Врска регионален пат Р2339-Вардино | 1,50 | | 2000 | | |
| 24. | Врска регионален пат Р2339-Единаковци | 1,00 | 3 | | | |
| 25. | Врска регионален пат Р2339-Света | 1,00 | | | | |
| 26. | Врска регионален пат Р1306-Сладуево | 0,50 | | 300 | | по потреба |
| 27. | Врска регионален пат Р29371-Слоештица | 4,00 | | | | |
| 28. | Врска регионален пат Р29371-Мренога | 1,00 | | 300 | | |
| 29. | Врска регионален пат Р29371-Вирово | 3,00 | | 2500 | по потреба | по потреба |
| 30. | Врска регионален пат Р29371-Церово | 4,00 | | | | |
| 31. | Врска регионален пат Р29371-Лесково | 3,00 | | | | |
| 32. | Врска регионален пат Р29371-Боишта | 3,00 | | | | |
| 33. | Врска Смилево-споменик „Даме Груев„ | 1,00 | 2 | 500 | 60 м$^2$ | по потреба |
| 34. | Врска Обедник преку Ман. „Св. Петар„ за Боишта | 15,00 | | | по потреба | по потреба |
| 35. | Врска Обедник-Метимер (до граница со општина Битола) | 4,00 | | | | |
| 36. | Врска Стругово-Загориче | 2,00 | | 2000 | | по потреба |
| 37. | Врска Стругово-Лесково | 10,00 | | | | |
| 38. | Врска Суводол-Манастир „Св.Богородица„ | 3,00 | | | | по потреба |
| 39. | Врска Слепче-Лесково | 10,00 | | | | |
| 40. | Врска Слепче-Белче | 2,00 | | | | |
| 41. | Врска обиколен пат Демир Хисар -пат за с.Слепче | 1,50 | | | | |
| 42. | Врска Граиште-Манастир „Св. Тома„ | 3,00 | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 43. | Врска Прибилци-Сладуево | 2,00 | | | | |
| 44. | Врска Прибилци-Сопотница | 4,00 | | | | |
| 45. | Врска Радово преку манастир „Св.Атанасиј „за Сопотница | 5,00 | | | | |
| 46. | Врска Р1306- манастир „Св.Атанасиј „Журче | 3,00 | | | | по потреба |
| | **ВКУПНО:** | **168,00** | **154** | **82300** | | |

**При косење на банкините да се внимава на прегледност на кривините.**

3. При редовното одржување се преземаат мерки во текот на годината заради обезбедување на услови за безбедно користење и употреба на патот.
4. Средствата за редовно одржување на општинските патишта ги обезбедува општина Демир Хисар согласно Годишната програма за изградба, реконструкција и одржување на општинските патиша и улици.
5. Редовното одржување на општинските патиштата ќе го врши ЈКП „Комуналец„ согласно Одлуката за делегирање на надлежност за редовно одржување на општинските патишта и улици Бр.17-438/12 од 27.04.2018 година донесена од Совет на општина Демир Хисар.

Бр.17-530/10
15.05.2023 година
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за спроведување на оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир сезона 2022/ 2023 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за спроведување на оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2022/2023 година донесен на 23-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.05.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 562/9 Општина Демир Хисар**
**18.05.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ" бр. 5/02/ и член 43 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 15.05.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештај за спроведување на оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Оп штина Демир Хисар за сезона 2022/ 2023 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за спроведување на оперативната програма за организирање и функционирање на зимката служба на подрачјето на Демир Хисар за сезона 2022/2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-530/11 Совет на општина Демир Хисар
15.05.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр.1705 во КО Журче, општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр.1705 во КО Журче, општина Демир Хисар донесена на 23-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.05.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 562/10 Општина Демир Хисар**
**18.05.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 39, став 5 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 (Сл. весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на општина Демир Хисар ( Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.2/2002, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 , 10/19 и 07/21), Советот на Општина Демир

Хисар на седницата одржана на ден 15.05.2023 год. донесе

**ОДЛУКА**
**за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр.1705 во КО Журче, општина Демир Хисар**

**Член 1**

Да се отпочне постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр.1705, КО Журче. Барањето-Иницијативата за изработка на Урбанистички проект е од страна на инвеститорот Николче Ристески, со адреса на живеење ул.„Трескавец" бр.1, Битола, поднесена преку овластениот застапник Томе Ристевски, управител на на ТДУПС Биро за Урбанизам ДООЕЛ Битола. Урбанистичкиот проект ќе се изработува врз основа на член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), и член 58 став 3 точка 14 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник 225/20 и 219/21). Целокупните трошоци за изработка на Урбанистичкиот проект ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата. Согласно Законот за урбанистичко планирање, прифатената иницијатива Комисијата за урбанизам му ја поднесува на градоначалникот, а тој ја предлага на Советот на општината за да биде вградена во годишната програма за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Заклучокот за прифаќање на иницијативата изготвен од страна на Комисијата за урбанизам со бр.11-473/2 од 09.05.2023 и Предлог Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани донесена од страна на Градоначалникот на општина Демир Хисар со бр.11-473/3 од 10.05.2023 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-530/12 Совет на општина Демир Хисар
15.05.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на О Д Л У К А**
**за дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2023година**

1.Ја објавувам Одлуката за дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2023 година донесена на 23-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.05.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 562/11 Општина Демир Хисар**
**18.05.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 40, став 1 и став 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20), како и во согласност со член 22 став 1 точка 1 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на Р Македонија бр.5/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 15.05.2023 год. донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2023год.**

**Член 1**

Во членот 4, кој се однесува на изработка на Урбанистички проекти, се додава нова точка која гласи:

1. Да се отпочне со постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр.1705, КО Журче. Барањето-Иницијативата за изработка на Урбанистички проект е од страна на инвеститорот Николче Ристески, со адреса на живеење ул.„Трескавец” бр.1, Битола, поднесена преку овластениот застапник Томе Ристевски, управител на на ТДУПС Биро за Урбанизам ДООЕЛ Битола. Целокупните трошоци за изработка на Урбанистичкиот проект ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

**Член 2**

Измените на Програмата за урбанистички планови за 2023год. за општина Демир Хисар влегуваат во сила со денот на донесување, а ќе се објават во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-530/13 Совет на општина Демир Хисар
15.05.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на О Д Л У К А**
**за начинот на користење на мобилни телефони за време на наставните часови во основните и средното училиште во Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за начинот на користење на мобилни телефони за време на наставните часови во основните и средното училиште во Општина Демир Хисар донесена на 23-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.05.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 562/12 Општина Демир Хисар**
**18.05.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен

весник на РМ" бр.5/02), член 43 став 1 точка 20 и точка 42 од статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), како и член 4 став 1 точка 8 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20) и Закон за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/2020), советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 15.05.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за начинот на користење на мобилни телефони за време на наставните часови во основните и средното училиште во Општина Демир Хисар**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува начинот на користење на мобилни телефони на учениците и наставниците за време на наставните часови во основните и средното училиште во Општина Демир Хисар.

Одлуката се носи заради подигнување на безбедноста на учениците и нивно непречено следење на наставата, како дел од пакетот препораки за образованието.

**Член 2**

Се задолжуваат надлежните органи на ОУ„Браќа Миладиновци" с.Жван , ОУ„Гоце Делчев" Демир Хисар , ОУ„Даме Груев" с.Смилево и СОУ„Крсте Петков Мисирков" Демир Хисар да изготват протокол за начинот на користење на мобилните телефони на учениците и наставниците за време на часовите во просториите на училиштето, по кој ќе пристапуваат и ќе се придржуваат согласно член 1 на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-530/14 Совет на Општина Демир Хисар
15.05.2023 година Претседател
Демир Хисар упчо Најдовски с.р.

---

С О Д Р Ж И Н А

1 Заклучол за усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот за Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2023 до 31.03.2023 година--------------------------------------1
2.Измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година (прв ребаланс)-----2
3.Донесување на Одлука за измени на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година---------------------------------------------3-4
4.Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за уредување на јавна површина на ул. Маршал Тито во Демир Хисар----------------------------------------------------4-5
5.Одлука за одобрување на приоритетен проект „Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини во Општина Демир Хисар"----5
6.Одлука за кофинансирање на проект „Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини во Општина Демир Хисар"-----6
7.Одлука за основање на Локален економско-социјален совет на Општина Демир Хисар------7-9
8.План за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2023 година------------------------------------------10-11
9.Заклучок за усвојување на Извештај за спроведување на оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската

служба на подрачјето на општина Демир Хисар за сезона 2022/2023 година-------------------------12
10.Одлука за изработка на Урбанистички план вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр.1705 во КО Журче, Општина Демир Хисар--------------13
11.Одлука за дополнување на Програмата за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2023 година---------------14
12.Одлука за начинот на користење на мобилни телефони за време на наставните часови во основните и средното училиште во општина Демир Хисар-------------------------------------------------------15

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**